Република Северна Македонија

ДРЖАВЕН УПРАВЕН ИНСПЕКТОРАТ

**Архивски број:** 04-11/15
**Датум:** 31.01.2022 г.

Врз основа на член 52 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20 и 215/21), директорот на Државен управен инспекторат ја донесе следната:

# ОДЛУКА
## за избор за унапредување на административен службеник

1. По интерниот оглас број 1/2021 за унапредување на административни службеници во Државен управен инспекторат, објавен на веб страната на Државен управен инспекторат и Агенцијата за администрација, од предложената ранг листа за работното место под реден број 1 - Главен инспектор во Секторот за вршење инспекциски надзор Запад - 1 извршител, се врши избор на следниот кандидат:

- Каролина Стојановска Богдановска.

2. Директорот на Државниот управен инспекторат во рок од 5 дена по конечноста на одлуката, ќе донесе решение за унапредување на административниот службеник од точка 1 на оваа одлука.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

На веб страната на Државен управен инспекторат и Агенцијата за администрација, на ден 30.12.2021 година, беше објавен интерен оглас за унапредување на административни службеници за две работни места и тоа: работно место под реден број 1- Главен инспектор во Секторот за вршење инспекциски надзор Запад - 1 извршител и работно место под реден број 2- Главен инспектор во Секторот за вршење инспекциски надзор Исток - 1 извршител.

Во врска со наведениот оглас и работното место под реден број 1 - Главен инспектор во Секторот за вршење инспекциски надзор Запад, Комисијата за селекција за унапредување на раководни административни службеници, формирана со Решение бр. 04-11/2 од 05.01.2022 година и Решение за изменување

на решението за формирање на комисија за селекција број 04-11/12 од 21.01.2022 година, спроведе административна селекција и изготви Записник заведен под бр. 04-11/13 од 21.01.2022 година во кој е констатирано дека имаат аплицирано три кандидати, по што раководното лице на институцијата спроведе интервју, за кое е составен Записник број 04-11/14 од 26.11.2022 година.

Комисијата врз основа на бодовите од административната селекција и бодовите од интервјуто содржани во Записникот заведен под бр. 04-11/14 од 26.11.2022 година изготви финанлна ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат, и истата ја достави до директорот на Државен управен инспекторат.

Согласно со член 52 став 1 од Законот за административни службеници „Во рок од три дена од добивањето на предлогот секретарот, односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар, е должно да донесе одлука за избор".

Согласно со член 52 став 6 од истиот закон „Секретарот, односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар, во рок од пет дена по конечноста на одлуката, донесува решение за унапредување на административниот службеник".

Имајќи ги предвид цитираните законски одредби, директорот на Државен управен инспекторат одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволниот кандидат може да поднесе жалба до Агенцијата за администрација - Комисија за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен, во рок од 8 дена.

ДОСТАВЕНО ДО:
- кандидати
- персоналното досие;
- Архива на Државен управен инспекторат

Директор
Кети Василеска


Државен управен инспекторат
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев" бр. 5/1-1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3225 949
www.duinspektorat.mioa.gov.mk